Фондација Импакт Нет е активен учесник и соработник на програмата на Европската зелена фондација GEF и Здружението за одржлив и социо – економски развој Изгрејсонце, за Carbon Free туризам или туризам ослободен од јаглен преку која се пренесуваат европските практики за одржлив туризам и туризам со кој се обезбедува заштита на локалните карактеристики и намалување на последиците врз животната средина. Преку програмата е извршено мапирање на сместувачки објекти кои се пример за трансформативни практики во повеќе европски држави и во Македонија. Воедно се подготвени повеќе трудови и студиски посети.








Во соработка со Зелениот Институт од Скопје претставници од Фондацијата Импакт Нет беа дел од Платформата ЗЕЛЕН КРУГ, со кој во 20 општини ширум државата се изврши мапирање на еколошки точки за кои е ставен приоритет со цел мобилизирање на општинските власти и граѓаните во поглед на решавање на горливите еколошки проблеми. Во Велес фокусот беше ставен на отворената градска депонија и потребата од велосипедска патека низ град Велес со цел намалување на загадувањето во градот.







Во соработка со НВО ЦИВИЛ МЕДИА дел сме од низа јавни настани, работилници, семинари и публикувања на трудови за развој на граѓанското општество, борбата против говорот на омраза, движења за антинационализам и тоталитаризам, додека со низа волонтери и социјално одговорни претпријатија, поединци и институции многупати организатори или учесници во низа пошумувања, хуманитарни и спортски активности, како Игралиште за младите спортисти од Новите згради во поддршка на Општина Велес, ФК Борец, Авто школа 3М и Маркети Жито.




















Хуманитарната собирна Божиќна активност, учество во пошумувањето на Езеро Младост после опожарувањето на зелениот појас околу езерото, борбата против загадувачите во Велес и регионот, хуманитарни активности – семејни пакети и собирни акции за детски играчки, училишен прибор и детска храна за социјално ранливи категории на лица се дел од плејадата на хуманитарни активности со кои продолжуваме со поттик на хуманоста кај луѓето.




Фондацијата Импакт Нет заедно со Балканската Туристичка Организација DMC Balkans се основачи на македонската поддружница на светската организација за туризам – SKALL International со што активно се вклучени во промоција на туристичките можности и убавини на Македонија и Балканот и развој на одржливиот туризам.

Фондацијата Импакт Нет е дел од платформата Енергијата во рацете на граѓаните, предводена од Здружението Изгрејсонце и првата Зелена Задруга, давајќи го својот допринос кон развој на модели за праведна и енергетска транзиција на нашето општество кон зелено и ослободено од енергија која се добива од фосилни горива и замена со обновливи извори на енергија.

# ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ, ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА

- **ИМПАКТ МЕДИА** – реализација на подкасти и интернет радио за млади и за граѓански сектор со цел насочување на ИТ знаењето кај младите кон одбрана на вистината, во активна борба против ширењето на лажни вести, промоцијата на здрав и позитивен имиџ и вредности, дигитална трансформација и маркетинг менаџмент на социјалните мрежи. Проект финансиран од Медиска организација од Лос Анџелес, САД.



- **GREEN HUB & DIGITAL HUB** за млади волонтери и активисти во граѓански сектор и млади новинари како дел од Green Press.
- **ЗЕЛЕНА МАПА ЗА ЗЕЛЕНА ЗАЕДНИЦА** – програма за зачувување и напредување на зеленилото, преработката на отпад, унапредување на велосипедскиот и јавниот сообраќај како и мобилизирање на заедницата во изборни реформи и иновативни решенија преку кои ќе се овозможат дигитални алатки и решенија за низа еколошки приоритетни области. Проектот е во реализација со SkillUp Академија и тим на млади ИТ експерти, а со поддршка од Владата на Швајцарија, IFES и МЦМС.




- **NEXT CHAPTER – GREEN WAY TO EU** – проект за поддршка на процесот на Евроинтеграција на РС Македонија, имплементација на Зелениот Договор на ЕУ и Зелената Агенда за Западен Балкан.
- Активна поддршка на млади со цел омасовување за нивна партиципација за учество во програмите на **Еразмус + и ЕУ**.
- **Праведна транзиција и Енергијата во рацете на граѓаните**, програма во која членови на Фондацијата Импакт Нет се соработници во експертски тимови и партнерство со првата Зелена Задруга.
- Поддршка на програмите за **помош на бегалците од војната во Украина** и **движења за мир**. **Со фудбал против војна!** Спортски хуманитарен настан во Осло, Норвешка со деца бегалци од Украина.



- Програми за проектен менаџмент, маркетинг менаџмент и програма за образование за возрасни.





Извршен Одбор на Програма ИМПАКТ МЕДИА.



Младите волонтери од Фондација Импакт НЕТ

на работилници за млади во организација на ReLoad и на обуките за изборни реформи.








**Проект GREEN MAP & BUS MAPPER**



**Импакт МЕДИА** – проект за медиумска писменост, промоција на здрав и позитивен имиџ и вредности, дигитален маркетинг и борба против лажни вести, говор на омраза и младинско вработување.